Божиќен маркет во Белгија и Холандија



Божиќен маркет во Белгија и Холандија
Брисел-Валкенбург-Гент-Бриж

(06.12.2026-09.12.2026)

Прв ден: 06.12.2026 (недела)- Скопје-Брисел

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 04.00 часот. Полетување кон аеродромот во Шарлероа во 06.00 часот, слетување во 08.50 часот. Со организиран трансфер се упатуваме кон Брисел и одиме на разглед на градот со локален водич. Главниот град на Белгија и седиштето на Европската Унија е град каде што средновековната величественост се сретнува со модерната политичка моќ. Неговото историско срце, главниот плоштад, е место на светско наследство на УНЕСКО, опкружено со стари и богато украсени еснафски згради и прекрасна готска општинска зграда. Денес Брисел е вистински мултикултурен и космополитски град, и вистински гурмански рај со надалеку познатите белгиски вафли, чоколадо, помфрит и култура на пивото, препозната од УНЕСКО како нематеријално културно наследство. Во Брисел ќе го посетиме Плоштадот заедно со околните шопинг улички, средновековната Црква Св. Никола од 12-ти век, кралските галерии Saint-Hubert, Кралскиот Плоштад со кралската палата, Manneken Pis – малата статуа на момче кое прерасна во еден од симболите на градот и други знаменитости. Сместување во хотел „Ibis Brussels City Centre" 3* сместен во самиот центар на градот. До крајот на денот слободно време за индивидуални прошетки низ големиот божиќен маркет кој содржи преку 200 тезги, џиновско панорамско тркало, лизгалиште и

светлосно шоу на главниот плоштад и ширум центарот на градот. Ноќевање.

Втор ден: 07.12.2026 (понеделник)- Брисел-Валкенбург-Брисел

Појадок, а потоа одиме на највозбудливиот дел од патувањето – посета на пештерскиот божиќен маркет во Холандија. Организиран трансфер до историскиот туристички град Валкенбург, познат по единствениот замок во Холандија изграден на рид и по неговите мрежи од варовнички пештери, ископани од рударите во текот на стотици години. Дел од пештерите со подземни тунели се поврзани со средновековниот замок, и биле користени од локалното населените како скривници за време на окупациите со светските војни. Токму во тие пештери се одржува еден од најуникатните божиќни маркети во Европа – пештерскиот божиќен маркет. Пазарот е поделен во три различни пештери, секоја со свој шарм. Маркетот сместен во Општинската пештера (Gemeentgrot) е најголемата мрежа на подземни пазари. Се одликува со широки, рамни ходници кои датираат од римско време, преполни со осветлени тезги, празнична музика и разновидни тезги со подароци и сувенири. Пазарот во Кадифената пештера (Fluweelengrot) е втор по големина, и се наоѓа директно под урнатините на замокот Валкенбург. Тој нуди пријатна, историска атмосфера, и е познат по сложените sидни резби од 18-ти век, историските капели и занаетчиските тезги. Слободно време за прошетка низ пештерите, кои нудат засолниште од студеното време на постојана температура од 12 степени. За крај ќе имаме слободно време да прошетаме низ историскиот центар на градот и да го посетиме селото на Дедо Мраз – традиционалниот божиќен маркет кој се одржува на градскиот плоштад. Во вечерните часови враќање во Брисел. Ноќевање.

Трет ден: 08.12.2026 (вторник)- Брисел-Бриж-Гент-Брисел

Појадок. Денешниот ден е резервиран за посета на двата бисера во Белгија-Бриж и Гент. Бриж нуди совршено зачувана, бајковита средновековна атмосфера со интимни канали, додека Гент функционира како жив, населен универзитетски град кој комбинира грандиозна историска архитектура со модерен шмек. Ако го сакате Хари Потер и Божиќ, тогаш Гент е градот кој сигурно морате да го посетите. Повеќе од 150 дрвени колиби се протегаат на плоштадите во градот, а целата населба ги вади своите божиќни украси. Мирисот на борова смола и греано вино го прави

искуството комплетно. Гент под своето зелено зимско ќебе е божиќен град во најдобро издание. По разгледот и слободното време, продолжуваме кон Бриж, градот кој поради многуте канали често се нарекува „Венеција на северот". Бриж е еден од најдобро зачуваните средновековни градови во Европа. Целиот негов историски центар е заштитен како светско наследство на УНЕСКО, прошаран со канали, калдрмени улици и готска архитектура која изгледа речиси непроменета од расцутот на градот како главен трговски центар од 13-ти до 15-ти век. Организиран разглед на градот со посета на главниот плоштад со кој доминира средновековната камбанарија од 13-ти век; плоштадот Burg со неговата готска општинска зграда и Базиликата на светата крв во која се верува дека се чува света реликвија со Христовата крв донесена од крстоносните војни; каналите кои создаваат непрекината мрежа во должина од 7.5 километри, и други знаменитости. Божиќниот маркет е сместен на главниот плоштад и изобилува со дрвени куќички со разновидни рачни изработки и уникатни подароци, илјадници украси и божиќни светилки, опкружени со шарени средновековни куќи. Над божиќниот маркет се надвиснува 83-метарската камбанарија, до чиј врв водат 366 скали и од каде може да се ужива во панорамска глетка на пазарот и прекрасно осветлениот центар на градот. Слободно време за индивидуални прошетки. Во вечерните часови враќање во Брисел. Ноќевање.

Четврти ден: 09.12.2026 (среда)- Брисел-Скопје

Појадок. Одјавување од хотелот и организиран трансфер до аеродромот Шарлероа. Полетување кон Скопје во 09.25 часот, слетување во 12.00 часот.

Промотивна цена за уплата до 25.08.2026 ..... 799 евра (49.540 денари)
ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ.....859 евра (53.260 денари)
(плаќање во денарска противвредност)

Во цената на аранжманот се вклучени следните услуги:

- ***Авионски билет: Скопје-Шарлероа-Скопје со вклучени аеродромски такси***
- ***Рачен багаж до 8 кг. и чекиран багаж до 20 кг. по лице***
- ***Сите локални трансфери***
- ***3 ноќевања со појадок во хотел „Ibis Brussels City Centre" 3* во Брисел***
- ***Влезница за уникатниот божиќен пештерски пазар во Валкенбург, Холандија***

• Сите разгледи и посети вклучени во програмата
• Лиценциран туристички водич
• Лиценциран туристички придружник

Во цената не се вклучени следните услуги:

• Доплата за еднокреветна соба – 200 евра
• Туристичка такса – 15 евра (се плаќа во агенцијата)
• Патничко осигурување

Напомена: ***За потврда на резервација е неопходна задолжителна уплата од 100 евра (6200 денари) најдоцна до 25.08.2026 (Во случај на отказ на резервацијата, уплатениот депозит е неповратен!)***

Втора рата до 21.09.2026, трета рата до 21.10.2026. Целосна доплата на аранжманот до 05.11.2026. Секоја резервација без уплата е валидна само 48 часа.

Напомена: ***За реализација на аранжманот потребни се минимум 30 патници***

РЕЗЕРВИРАЈ